РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 04-17041/7
26. 11. 2018 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 45 став (1) и (2) од Законот за административните службеници ("Сл.весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), и Предлогот за вработување на кандидатот по Јавен оглас број 221/2018 од Агенцијата за администрација, број 10-1759/10 од 21.11.2018 година, директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на ден 26.11.2018 година донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по јавен оглас за**
**вработување на админмистративен службеник**

1. **ДАНИЕЛА СТОЈАНОВСКА ЏИНГОВСКА**, се избира од предложената ранг листа на кандидати по јавниот оглас за вработување на административен службеник во Фондот за здравствено осигурување на Македонија број 221/2018, за работно место **Советник на директорот**, со звање **Советник на директорот** и шифра на работното место **ФЗО0102Б01002 .**
2. Именуваната ќе заснова работен однос во Фондот по конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добиена писмена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства број 18-8954/3 од 03.08.2018 година, Агенцијата за администрација по барање на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на ден 18.10.2018 година на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници "Нова Македонија", "Вечер" и "Коха", објави јавен оглас број 221/2018 за пополнување на работното место под реден број 2 - **Советник на директорот.**

Со решение број 10-1759/6 од 31.10.2018 година, од страна на Агенцијата за администрација формирана е Комисија за селекција на вработување по јавен оглас.

По спроведена фаза 1 административна селекција од постапката за селекција за вработување, се утврди дека за работното место под реден број 2, кандидатот Даниела Стојановска Џинговска, е единствен уреден кандидат, со што именуваната се стекна со право да продолжи во натамошните фази на постапката.

По спроведената фаза 1 на административна селекција кандидатот Даниела Стојановска Џинговска успешно го положи испитот за административен службеник (фаза 2- испит за административен службеник) со што се стекна со право да продолжи во фазата 3 – проверка на веродостојност на докази и интервју за работното место под ред број 2 по јавниот оглас број 221/2018 година.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, врз основа на добиените бодови во трите фази од постапката за селекција за вработување (административната селекција, полагање на испит за административен службеник, проверка на веродостојност на доказите и одржаното интервју), изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекцијата и Предлог за вработување на кандидати со најголем број на освоени бодови бр. 10-1759/10 од 21.11.2018 година.

Врз основа на Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлогот за вработување на кандидати со најголем број на освоени бодови по објавениот оглас бр.10-1759/10 од 21.11.2018 година, Директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, по Јавниот оглас број 221/2018 за работното место број 2, **Советник на директорот**, го избра кандидатот **Даниела Стојановска Џинговска.**

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да изјави жалба до Агенцијата за администрација.

**ДИРЕКТОР,**
**Данаил Дончев**

**ДИРЕКТОР,**
**Орхан Рамадани**
**Orhan Ramadani**